# ЗДРУЖЕНИЕ ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Финансиски извештаи за годината што

завршува на 31 Декември 2018 година и

Извештај на независниот ревизор

Скопје, Март 2019 година

**СОДРЖИНА**

| | |
|---|---|
| | **Страна** |
| Извештај на независниот ревизор до ЗДРУЖЕНИЕТО ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ | 3 – 4 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 5 |
| Биланс на состојбата | 6 |
| Белешки кон Финансиските извештаи | 7– 22 |

**Додатоци**

**Додаток 1**– Годишна сметка за 2018 година
(Биланс на приходи и расходи и Биланс на состојба)

**Додаток 2** – Годишен извештај за работењето за 2018 година

МСФИ ревизија

# МСФИ РЕВИЗИЈА ТП – СКОПЈЕ

11 Октомври 1А Кат 2, Плоштад Македонија ББ Скопје
Даночен број: 5080012502283
Телефон: 02 3 11 23 23 и Мобилен: 070 333 713
www.msfirevizija.com.mk; e-mail: revizija@msfi.mk


## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
## ДО СОБРАНИЕТО, НАДЗОРНИОТ ОДБОР И РАКОВОДСТВОТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 5 – 22) на Здружението Прва Детска Амбасада во Светот Меѓаши Република Македонија Скопје (во понатамошниот текст „Здружението“), кои се состојат од Билансот на состојбата на ден 31 декември 2018 година и Билансот на приходите и расходите и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството на здружението е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Здружението со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Здружението. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**МСФИ РЕВИЗИЈА ТП – СКОПЈЕ**

МСФИ ревизија

11 Октомври 1А Кат 2, Плоштад Македонија ББ Скопје
Даночен број: 5080012502283
Телефон: 02 3 11 23 23 и Мобилен: 070 333 713
www.msfirevizija.com.mk; e-mail: revizija@msfi.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)**
**ДО СОБРАНИЕТО, НАДЗОРНИОТ ОДБОР И РАКОВОДСТВОТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ –МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ**

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Здружението Прва Детска Амбасада во Светот Меѓаши Република Македонија Скопје на ден 31 декември 2018 година и резултатите од работењето за годината што тогаш завршува, во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа прифатени во Република Северна Македонија.

***Извештај за други правни и регулаторни барања***

Раководството на Здружението е одговорно за изготвување на годишниот извештај (додаток 2 кон финансиските извештаи) и годишната сметка (додаток 1 кон финансиските извештаи) во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации и истите беа прифатени и одобрени од раководството на Здружението на ден 26 февруари 2019 година. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај со годишната сметка и финансиски извештаи на Здружението. Ние ги извршивме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи. Според наше мислење историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај се конзистентни со завршната сметка и приложените ревидирани финансиски извештаи на Здружението за годината што завршува на 31 декември 2018 година.

Скопје, 20 Март 2019 година

МСФИ Ревизија ТП – Скопје
Жарко Михајловски
Управител

Ивица Марчевски
Овластен ревизор

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ
**за годината што завршува на**
**31 Декември 2018**
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2018 | 31 Декември 2017 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 4 | 12.810 | 12.610 |
| Вкупни расходи | 5 | (14.201) | (11.898) |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од претходната година | 4 | 1.739 | 1.042 |
| ***Вишок на приходи – добивка пред оданочување*** | | *348* | *1.754* |
| Данок на добивка | | - | (15) |
| ***ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ ПО ОДАНОЧУВАЊЕ*** | | ***348*** | ***1.739*** |

**Белешките преставуваат составен дел на финансиските извештаи**

***Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Здружението на ден 26 февруари 2019 година и се потпишани во негово име од страна на:***

Одговорен за составување на финансиските извештаи
Ана Икономова

Претседател
Драги Змијанац

**БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА**
**на 31 Декември 2018**
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2018 | 31 Декември 2017 |
|---|---|---|---|
| **А СРЕДСТВА** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Нематеријални средства | 6 | - | 1 |
| Недвижности, постројки и опрема | 6 | 339 | 403 |
| *Вкупно нетековни средства* | | *339* | *404* |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства | 7 | 293 | 1.726 |
| Побарувања од работење | 8 | 404 | 95 |
| Останати побарувања | 9 | 55 | 55 |
| Активни временски разграничувања | 10 | 101 | 23 |
| Залихи | 11 | 15 | 12 |
| *Вкупно тековни средства* | | *868* | *1.911* |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | ***1.207*** | ***2.315*** |
| **Б ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Деловен фонд | 12 | 354 | 416 |
| Вишок на приходи над расходи по оданочување | | 348 | 1.739 |
| *Вкупни извори на деловни средства* | | *702* | *2.155* |
| **В ОБВРСКИ** | | | |
| Краткорочни обврски | 13 | 101 | 65 |
| Пасивни временски разграничувања | 14 | 404 | 95 |
| *Вкупно тековни обврски* | | *505* | *160* |
| ***ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И ОБВРСКИ*** | | ***1.207*** | ***2.315*** |

**Белешките преставуваат составен дел на финансиските извештаи**

***Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Здружението на ден 26 февруари 2019 година и се потпишани во негово име од страна на:***

Одговорен за составување на финансиските извештаи
Ана Икономова

Претседател
Драги Змијанац

## 1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Здружението „Прва Детска Амбасада во Светот Меѓаши Република Македонија Скопје, со скратено име Меѓаши во понатамошниот текст (Здружението) основано е на 29.04.1992 година, а регистрирано на 25.05.1992 година како непрофитна организација во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации и запишана е во регистарот на Здруженија и Фондации под Рег. бр 1.443.

Адреса: ул.Коста Новаковиќ бр.22а Скопје

Даночен број: 4030995179890

ЕМБС: 4377249

Дејност на Здружението е Останати дејности на социјална заштита без сместување, неспоменати на друго место

Цели и задачи на здружението се:

- заштита на правата на децата;
- градење и зачувување на мирот;
- заштита на децата од воени судири и други конфликти;
- заштита од злоупотреба на децата за политички, економски, воени и сексуални цели, како и заштита од сите форми на злоупотреба на детскиот труд;
- заштита, помош и поддршка на деца со родители во кризни ситуации, деца со инвалидитет, деца со низок социјален статус, деца на улица, деца без родители итн.

Мисија на Првата Детска Амбасада во Светот Меѓаши Република Македонија Скопје е да ги застапува и заштитува правата на децата, поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, да го зајакнува граѓанското движење за правата на децата, детското учество и да се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. Меѓаши го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

Визијата на Првата Детска Амбасада во Светот Меѓаши Република Македонија Скопје е да се обезбеди поправеден свет за секое дете.

## 2. ОСНОВА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основа за подготовка

Здружението финансиските извештаи ги подготвува во согласност со законските прописи кои се применуваат во Република Северна Македонија, а се однесуваат на работењето на непрофитните организации, во прв ред Законот за сметководството

за непрофитните организации (“Службен весник на РМ” број 24/03...154/15) и соодветните подзаконски прописи донесени врз основа на истиот.

Овие Финансиски извештаи ги прикажуваат средствата и обврските, приходите и расходите кои се однесуваат на работењето на Здружението.

Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Здружението ќе продолжи да работи во иднина.

## 3. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение е изнесено резиме на значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Здружението за годината што завршува на 31 Декември 2018.

### 3.1 Приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите кај Здружението се спроведува согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации (“Службен весник на РМ” број 24/03...154/15) и член 18 од Правилникот за сметководството за непрофитните организации (“Службен весник на РМ”број 42/03, 08/09 и 175/11), односно според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно, трансакции, приходите се признаат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

### 3.2 Материјални средства

#### *3.2.1. Почетно вреднување*

Материјалните средства (постројките и опремата) почетно се вреднуваат согласно член 14 од Законот за сметководство за непрофитните организации според

кое третман на долгорочни средства имаат средствата чиј век на траење е подолг од една година и чија поединечна вредност во моментот на набавка е повисока од 300 евра во денарска противвредност. Долгорочните средства, Здружението почетно ги вреднува по набавна вредност намалена за вкупниот износ на пресметаната амортизација. Набавната вредност на долгорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

### *3.2.2. Последователни издатоци*

Издатоците направени за замена на дел од материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Здружението.

### *3.2.3. Амортизација*

Амортизацијата се спроведува со праволиниска метода на отпис која доследно се применува од пресметковен период во пресметковен период, со примена на годишните стапки кои се составен дел на Правилникот за сметководството за непрофитните организации. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите пропишани со Правилникот се додека вредноста на долгорочните средства не биде во целост надоместена. Корисниот век на употреба, односно рокот на отпишување на долгорочните средства се одредува согласно со пропишаните стапки. Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација на материјалните средства, применети на некои позначајни ставки:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 1% |
| Опрема | 14% |
| Компјутерска опрема и софтвер | 20% |
| Мебел | 12% |
| Моторни возила | 15% |

### *3.2.4. Ревалоризација*

Пресметката на ревалоризација на долгорочните средства (материјалните и нематеријалните средства) Здружението ја врши согласно член 15 од Законот за сметководството за непрофитните организации и членовите 29 и 29-а од Правилникот за сметководството за непрофитните организации. Согласно цитираните законски одредби, пресметката на ревалоризација се врши во следните случаи:

1) при повлекување од употреба и отуѓување или

2) поради повторно вреднување, со стапката на пораст на цените на производителите на индустриски производи објавена од Државниот завод за статистика.

Основица за ревалоризација на долгорочните средства претставува набавната вредност на средствата и нивната сметководствено искажана акумулирана

амортизација (исправка на вредноста). Ревалоризацијата на нематеријалните и материјалните средства (нивната набавна вредност и исправка на вредноста), што се набавени во изминати години (до 31.12.2017 година) и не се отуѓени во текот на 2018 година, односно истите се искажани по пописот на 31.12.2018 година и претставуваат елементи на билансот на состојбата составен под истиот датум (за што се применува Образецот РЕВ-1), не е пресметувана бидејќи единствениот коефициент за ревалоризација за 2018 година е негативен и изнесува -0,008.

### 3.3 Побарувања

Побарувањата се признаваат според договорените износи во договорот.

### 3.4 Залихи

Залихи на ситен инвентар, се признаваат согласно член 14 став 7 од Законот за сметководството за непрофитните организации според кој долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 евра во денарска противвредност се класифицира како ситен инвентар.

Залихите на трговска стока, се признаваат согласно член 14 став 3 од Законот за сметководството за непрофитните организации според кој краткорочните средства се искажуваат по набавна вредност. Набавната вредност на залихите ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

### 3.5 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од паричните средства во благајна, на трансакциски сметки, депозити во банки и високо ликвидни вложувања кои брзо можат да се претворат во пари. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на билансирањето.

### 3.6 Обврски

Обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

### 3.7 Обврски за даноци

Даноците се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Северна Македонија. Основните активности кои ги извршува Здружението не преставуваат промет во смисла на Законот за данокот на додадена

вредност и не се предмет на оданочување со ДДВ. Данокот од добивка се пресметува и плаќа на даночно непризнаени расходи во даночниот биланс.

## 4. ВКУПНИ ПРИХОДИ

Вкупните приходи се состојат од следново (во 000 Денари):

| | **31 Декември 2018** | **31 Декември 2017** |
|---|---|---|
| Приходи од донации , грантови и членарини | 12.300 | 11.892 |
| Приходи од камати и курсни разлики | 1 | - |
| Други приходи | 509 | 718 |
| *Вкупно приходи* | 12.810 | 12.610 |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од претходната година | 1.739 | 1.042 |
| *Вкупно* | ***14.549*** | ***13.652*** |

Здружението своите приходи главно ги остварува од донации и грантови. Донациите според намената се ненаменски, односно за реализирање на програмските активности на Здружението или строго наменски, за реализирање на конкретен проект. Освен приходи од донации, Здружението остварува и приходи од продажба на новогодишни честитки и останати приходи.

## 4.1. Приходи од донации

Приходите од донации за годината што завршува на 31 декември 2018 година се однесуваат на уплатени средства на сметката на Здружението за реализирање на неговите проектни активности. Приходите од донации по донатори од кои се примени средствата е како што следи (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2018 | 31 Декември 2017 |
|---|---|---|
| Министерство за економски развој и соработка на Германија-Kurve Wustrow | 5.538 | 3.686 |
| Министерство за култура | 62 | - |
| Здружение Мировна акција-Прилеп | 307 | - |
| Фриеденскреис Хале-Германија | 47 | - |
| МЦМС-Креирање и имплементација на внатрешна организациска структура | 332 | - |
| МЦМС-Институционален грант-Цивика | 200 | 2.000 |
| Град Скопје | - | 50 |
| Коалиција сега | 297 | 300 |
| Здружение мост | 184 | - |
| Европска комисија-РЦД Врање | - | 828 |
| Општина Гази баба | 20 | 30 |
| Аригатоу интернационал Кенија | 771 | 156 |
| Аригатоу интернационал Женева | 28 | - |
| Фриеденкреис Хале (волонт. сервис) | - | 84 |
| Осигурување Винер-Виена (сапи 1) | - | 308 |
| САПИ Бугарија | 527 | 381 |
| Save the children Kosovo (СЦИ 0038) | 3.168 | 3.298 |
| Приходи од донации од правни лица | 83 | 81 |
| Приходи од донации од физички лица | 736 | 690 |
| *Вкупно приходи* | ***12.300*** | ***11.892*** |

## 4.2. Други приходи

Другите приходи се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2018 | 31 Декември 2017 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на новогодишни честитки | 509 | 656 |
| Приходи од услуги | - | 37 |
| Останати приходи | - | 25 |
| *Вкупно други приходи* | ***509*** | ***718*** |

### 4.3. Приходи по проекти

Приходите по проекти се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2018 | 31 Декември 2017 |
|---|---|---|
| Програма за мировно образование | 5.539 | 3.730 |
| Институционален грант-Цивика | 550 | 2.223 |
| Имплементација на Конвенцијата за права на дете во Македонија-Коалиција Сега | 304 | 300 |
| Обука за информатичко образование за Детска недела-Град Скопје | - | 50 |
| Транснационална коалиција СТОП | 403 | 1.120 |
| Толеранција и почитување на разлики на деца-Општина Гази баба | 50 | 30 |
| Винер Виена-Кофинанс. Сапи 1 | | 308 |
| Зајакнување на детски сили и спречување на насилство-Сапи 1/2/3 | 485 | 381 |
| Да ги земеме правата во наши раце-СЦИ | 3.626 | 3.298 |
| Волонтерски сервис-Халле | 90 | 84 |
| Аригатоу-конференција | 772 | - |
| Сиромаштија кај децата-Аригатоу | 183 | 156 |
| Промовирање на интегрирано образование преку мировни активности | 283 | - |
| Заштита на детски права по развод-Мост | 184 | - |
| Креирање и имплементирање на развојна внатрешна организациска структура-МЦМС | 332 | - |
| Уличен танц театар за општествени промени | 62 | - |
| Донации и други приходи на Здружението | 1.177 | 1.316 |
| Фонд за новогодишни честитки | 509 | 656 |
| *Вкупно приходи по проекти* | ***14.549*** | ***13.652*** |

Во ставката Донации и други приходи на Здружението се евидентирани приходи кои се користат за покривање на расходи за функционирање на СОС телефонот, за дневен центар за деца кои не одат на училиште и организациски трошоци, како и за кофинансирање и авансирање на проектни трошоци. Во ставката фонд за новогодишни честитки се прикажани приходи остварени од економски активности - продажба на новогодишни честитки и истите се наменети за покривање на трошоци направени за реализирање на овие економски активности, како и за покривање на организациски трошоци неопходни за функционирање на здружението со цел спроведување на програмите и целите согласно статутот како и за кофинансирање и авансирање на проектни трошоци.

## 5. ВКУПНИ РАСХОДИ

Вкупните расходи се состојат од следново (во 000 Денари):

| | **31 Декември 2018** | **31 Декември 2017** |
|---|---|---|
| 1.Расходи за материјали | 281 | 209 |
| 2.Потрошена енергија | 77 | 71 |
| 3.Расходи за одржување на средствата | 104 | 47 |
| 4.Други материјални расходи | 45 | 42 |
| 5.Комунални услуги | 20 | 21 |
| 6.ПТТ услуги, телефони и интернет | 210 | 223 |
| 7.Транспортни услуги | 380 | 464 |
| 8.Печатарски услуги | 631 | 228 |
| 9.Непроизводни услуги | 571 | 628 |
| 10.Расходи за реклама (за проекти) | 102 | 6 |
| 11.Хотелски и угостителски услуги за проекти | 2.512 | 1.861 |
| 12.Набавна вредност на продадени трговски стоки | 17 | 18 |
| 13.Договори на дело и авторски хонорари | 2.672 | 1.324 |
| 14.Бруто плати | 6.120 | 6.293 |
| 15.Набавка на основни средства | 150 | 40 |
| 16.Останати расходи | 309 | 423 |
| *Вкупно расходи* | ***14.201*** | ***11.898*** |

### 5.1. Вкупни расходи по видови на трошоци се следните:

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| 1.**Расходи за материјали** | | |
| - Канцелариски материјал | 181 | 121 |
| - Потрошени суровини и материјали | 12 | - |
| - Помошни материјали | 17 | 29 |
| - Потрошени др.материјали по проекти | 47 | 27 |
| - Средства за хигиена | 13 | 9 |
| - Ситен инвентар | 11 | 23 |
| **Вкупно:** | **281** | **209** |
| **2.Потрошена енергија** | | |
| - Трошоци за електрична енергија | 8 | 9 |
| - Гориво | 69 | 62 |
| **Вкупно:** | **77** | **71** |
| **3. Расходи за одржување на средствата** | | |
| - Поправки, сервис на средства | 34 | 24 |
| - Одржување на возила | 67 | 20 |
| - Миење на возила | 3 | 3 |
| **Вкупно:** | **104** | **47** |
| **4. Други материјални расходи** | | |
| - Судски и административни такси | 12 | 3 |
| - Регистрација на возило | 15 | 22 |
| - Стручна литература и списанија | - | 2 |
| - Паркинг | 2 | 2 |
| -Други материјални расходи | 16 | 13 |
| **Вкупно:** | **45** | **42** |
| **5. Комунални услуги** | | |
| - Трошоци за вода | 20 | 21 |
| **Вкупно:** | **20** | **21** |
| **6.ПТТ услуги, телефони и интернет** | | |
| - Фиксни телефони | 29 | 29 |
| - Мобилни телефони | 162 | 156 |
| - Поштенски расходи | 19 | 30 |
| - Интернет | - | 8 |
| **Вкупно:** | **210** | **223** |
| 7. **Транспортни услуги** | | |
| - Транспортни услуги | 343 | 244 |
| - Патни трошоци (со пресметан персонален данок) | 12 | 188 |
| - Такси превоз | 25 | 32 |
| **Вкупно:** | **380** | **464** |

| | | |
|---|---|---|
| **8.Печатарски услуги** | | |
| - Печатарски услуги | 631 | 228 |
| **Вкупно:** | **631** | **228** |
| **9. Непроизводни услуги** | | |
| -Наем на сала и опрема | 87 | 80 |
| -Наем на стан за волонтер | 61 | 31 |
| -Ревизија и проценка | 73 | 141 |
| -Адвокатски услуги | - | 41 |
| -Нотарски услуги | 1 | 2 |
| -Услуги за превод | 154 | 107 |
| -Други непроизводни услуги | 73 | 31 |
| -Други интелектуални услуги | 114 | 180 |
| -Фотокопирање | 8 | 15 |
| **Вкупно:** | **571** | **628** |
| **10. Расходи за реклама (за проекти)** | | |
| - Трошоци за огласи и објави по проекти | 31 | - |
| - Реклама за проекти | 61 | - |
| - Услуги за Е- пораки | 10 | 6 |
| **Вкупно:** | **102** | **6** |
| **11. Хотелски и угостителски услуги за проекти** | | |
| - Хотелски и угостителски услуги за проекти | 2.512 | 1.861 |
| **Вкупно:** | **2.512** | **1.861** |
| **12.Набавна вредност на продадени трговски стоки** | | |
| - Набавна вредност на продадена трговска стока | 17 | 18 |
| **Вкупно:** | **17** | **18** |
| **13. Договори на дело и авторски хонорари** | | |
| - Договори на дело и авторски хонорари | 2.672 | 1.324 |
| **Вкупно:** | **2.672** | **1.324** |
| **14. Бруто плати** | | |
| - Нето плата | 4.098 | 4.211 |
| - Персонален данок од плата | 370 | 383 |
| - Придонеси | 1.652 | 1.699 |
| **Вкупно:** | **6.120** | **6.293** |
| **15. Набавка на основни средства** | | |
| - Набавка на основни средства | 150 | 40 |
| **Вкупно:** | **150** | **40** |

**16.Останати расходи**

| | | |
|---|---|---|
| -Негативни курсни разлики | 13 | 15 |
| -Провизија на платен промет | 45 | 48 |
| -Репрезентација | - | 108 |
| -Надомест на работници за службен пат | 152 | 152 |
| -Членарини | 25 | 26 |
| -Премии за осигурување | 56 | 52 |
| -Други нематеријални расходи | 9 | 9 |
| -Дополнителни расходи од минати години | 4 | 8 |
| - Печати-изработка | 1 | - |
| -Донации на физички лица со персонален данок | - | - |
| Трошоци за ДДВ | 4 | 5 |
| **Вкупно:** | **309** | **423** |
| **СЕ ВКУПНО:** | **14.201** | **11.898** |

**5.2. Расходи по проекти**

Расходите по проекти се состојат од следново (во 000 Денари):

| | **31 Декември 2018** | **31 Декември 2017** |
|---|---|---|
| Институционален грант | 550 | 1.872 |
| Програма за мировно образование | 5.538 | 3.729 |
| Волонтерски сервис-Халле | 90 | 41 |
| Сиромаштија кај деца-Аригатоу | 183 | 1 |
| Имплементација на Конвенција за заштита на права на деца-Коалција сега | 325 | 294 |
| Заштита на детски права по развод-Мост | 184 | - |
| Детска недела-град Скопје | - | 50 |
| Зајакнување на предностите на детето за превенција од насилство-САПИ 1 | 485 | 381 |
| Зајакнување на предностите на детето за превенција од насилство-САПИ 2 | - | 42 |
| Транснационална коалиција Стоп 1 | 677 | 717 |
| Толеранција и почитување на разлики на деца-Општина Гази баба | 50 | - |
| Аригатоу конференција | 540 | - |
| Уличен танц театар за општествени промени | 89 | - |
| Креирање и имплементирање на развојна внатрешна организациска структура....МЦМС | 204 | - |
| Винер Виена-Кофинанс. Сапи 1 | - | 308 |
| Да ги земеме правата во наши раце-СЦИ | 3.496 | 2.840 |
| Промовирање на интегрирано образование преку мировни активности | 283 | 24 |
| Фонд за новогодишни честитки | 509 | 656 |
| Општи расходи на Здружението за реализирање на проектни активности | 998 | 943 |
| *Вкупно расходи по проекти* | ***14.201*** | ***11.898*** |

Општите расходи на Здружението за реализација на проектни активности, вклучуваат расходи направени за активности на СОС телефонот, за Дневен центар за деца кои не одат на училиште и организациски трошоци неопходни за функционирање на организацијата со цел спроведување на програмите и целите согласно статутот како и за кофинансирање и авансирање на проектни трошоци. Од вкупниот износ 998 илјади денари на 31 декември 2018 година, 328 илјади се потрошени за кофинансирање на проекти и тоа: 7 илјади денари за проектот МЦМС, 228 илјади денари за проектот СТОП 1 и 93 илјади денари за проектот Сапи 2 и 3. Во ставката фонд за новогодишни честитки се прикажани расходите направени за реализирање на овие економски активности, како и за покривање на организациски трошоци неопходни за функционирање на здружението со цел спроведување на програмите и целите согласно статутот, како и за покривање на организациски трошоци неопходни за функционирање на здружението.

## 6. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА

Нетековните средства се состојат од следново (во 000 Денари):

| **2018** | **Постројки и опрема** | **Нематеријални средства** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| **Ревалоризирана набавна вредност** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2018* | 2.245 | 22 | 2.267 |
| Нови набавки | 150 | - | 150 |
| Расходувани | (119) | - | (119) |
| Ревалоризација | - | - | - |
| *Салдо на 31 Декември 2018* | 2.276 | 22 | 2.298 |
| **Ревалоризирана исправка на вредноста** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2018* | *1.842* | *21* | 1.863 |
| Амортизација за 2018 | 214 | 1 | 215 |
| Намалување | (119) | - | (119) |
| Ревалоризација на исправката | - | - | - |
| *Салдо на 31 Декември 2018* | *1.937* | *22* | 1.959 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2018*** | ***339*** | ***-*** | ***339*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2018*** | ***403*** | ***1*** | ***404*** |

| **2017** | **Постројки и опрема** | **Нематеријални средства** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| **Ревалоризирана набавна вредност** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2017* | 2.175 | 22 | 2.197 |
| Нови набавки | 39 | - | 39 |
| Расходувани | - | - | - |
| Ревалоризација | 31 | - | 31 |
| *Салдо на 31 Декември 2017* | 2.245 | 22 | 2.267 |
| **Ревалоризирана исправка на вредноста** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2017* | *1.630* | *16* | 1.646 |
| Амортизација за 2017 | 187 | 5 | 192 |
| Ревалоризација на исправката | 25 | 0 | 25 |
| *Салдо на 31 Декември 2017* | *1.842* | *21* | 1.863 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2017*** | ***403*** | ***1*** | ***404*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2017*** | ***545*** | ***6*** | ***551*** |

## 7. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Паричните средства се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2018 | 31 Декември 2017 |
|---|---|---|
| Денарски сметки | 290 | 1.447 |
| Благајна денарска | 3 | 10 |
| Девизни сметки | - | 269 |
| *Вкупно парични средства* | ***293*** | ***1.726*** |

## 8. ПОБАРУВАЊА ОД РАБОТЕЊЕ

Побарувањата од работењето се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2018 | 31 Декември 2017 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | 83 | 95 |
| Побарување од донатори | 321 | - |
| *Вкупно побарувања од работење* | ***404*** | ***95*** |

Побарувањата од купувачите во износ од 83 илјади денари на 31 декември 2018 година (31 декември 2017: 95 илјади денари) се однесуваат на побарувања за продадени новогодишни честитки. Побарувањата од донатори се однесуваат на авансирани трошоци по проекти од страна на ПДАС Меѓаши Скопје, а кои донаторите според договорот треба да ги платат по одобрување на проектите. Побарувањата од донаторите во износ од 321 илјада денари на 31 декември 2018 година се состојат од побарувања од Коалиција сега во износ од 21 илјада денари, од Министерство за култура на РМ во износ од 26 илјади денари и од Ромски центар за демократија во износ од 274 илјади денари.

## 9. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

Останатите побарувања од работењето се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2018 | 31 Декември 2017 |
|---|---|---|
| Побарувања за повеќе платен данок од добивка | 55 | 55 |
| *Вкупно останати побарувања од работење* | ***55*** | ***55*** |

## 10. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Активните временски разграничувања се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2018 | 31 Декември 2017 |
|---|---|---|
| Однапред платени трошоци | - | 23 |
| Неплатени трошоци по проекти | 101 | - |
| *Вкупно активни временски разграничувања* | ***101*** | ***23*** |

## 11. ЗАЛИХИ

Залихите се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2018 | 31 Декември 2017 |
|---|---|---|
| Залиха на трговска стока-Новогодишни честитки | 15 | 12 |
| *Вкупно залихи* | ***15*** | ***12*** |

## 12. ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА

Изворите на деловните средства се состојат од следното (во 000 Денари):

| 2018 | Деловен фонд-основни средста | Деловен фонд-Залихи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| *Салдо на 1 Јануари 2018* | **404** | **12** | **416** |
| Нови набавки | 150 | 17 | 167 |
| Продажби/расход | - | (14) | (14) |
| Амортизација | (215) | - | (215) |
| Ревалоризација | - | - | - |
| *Салдо на 31 Декември 2018* | **339** | **15** | **354** |
| **2017** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2017* | **551** | **26** | **577** |
| Нови набавки | 39 | 18 | 57 |
| Продажби/расход | - | (32) | (32) |
| Амортизација | (192) | - | (192) |
| Ревалоризација | 6 | - | 6 |
| *Салдо на 31 Декември 2017* | **404** | **12** | **416** |

## 13. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

Краткорочните обврски се состојат од следново (во 000 Денари):

| | **31 Декември 2018** | **31 Декември 2017** |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи | 101 | 65 |
| *Вкупно краткорочни обврски* | ***101*** | ***65*** |

## 14. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Пасивните временски разграничувања се состојат од следново (во 000 Денари):

| | **31 Декември 2018** | **31 Декември 2017** |
|---|---|---|
| Ненаплатени средства од донатори | 321 | - |
| Ненаплатени приходи од продажба на честитки | 83 | 95 |
| *Вкупно пасивни временски разграничувања* | ***404*** | ***95*** |

## 15. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

На 31.12.2018 година Здружението не е инволвирано во судски постапки во кои се јавува како тужител и како тужена страна со правни и физички лица.

## 16. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По датумот на составување на Билансите не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.

**Додаток 1**

**Годишна сметка за 2018 година**

**- Биланс на состојба**

**- Биланс на приходи и расходи**

**Додаток 2**

**Годишен извештај за 2018 година**

***Прва детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија***

Ул. Коста Новаковиќ, 22а, Скопје
Тел/факс + 389 (0)2465 316
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

**Завршен годишен извештај за 2018 година**

**Спроведени активности**

**СОДРЖИНА**


1. **СЕРВИСИ ЗА ДИРЕКТНА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК**
   **1.1 СОС телефон за деца и млади 0800 1 22 22 (бесплатна линија)**
   **1.4 Сервис за материјална помош на социјално загрозени семејства**
2. **ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
3. **ТРАНСНАЦИОНАЛНА КОАЛИЦИЈА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ЗА ЗАШТИТА НА ЖЕНИ И ДЕЦА ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО – СТОП**
4. **ПРОГРАМА "ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДЕЦАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВОТО"**
5. **ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
6. **ЦИВИКА МОБИЛИТАС – ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ**
7. **КРЕИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА РАЗВОЈНА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА И ОПТИМИЗАЦИЈА НА ИНТЕРНИТЕ ПРОЦЕСИ И ПРОЦЕДУРИ ЗА УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ**
8. **ПРОМОВИРАЊЕ НА ИНТЕГРИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕКУ МИРОВНИ АКТИВНОСТИ**
9. **ПРОЕКТ „ПРОМОЦИЈА И ПОЧИТУВАЊЕ НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА“**
10. **ПРОЕКТ „ ДА ГИ ЗЕМЕМЕ ПРАВАТА ВО НАШИТЕ РАЦЕ!“**
11. **ПРОЕКТ „УЛИЧЕН ТАНЦ ТЕАТАР ЗА ОПШТЕСТВЕНА ПРОМЕНА“**
12. **АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ СРЕДСТВА**
13. **АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ПДАС МЕЃАШИ за 2018 година**

1. **ДИРЕКТНА ПОДДРШКА ЗА ДЕЦАТА ВО РИЗИК**
   - Телефонска линија за помош СОС за деца и млади 0800 1 22 22
   - Материјали и средства за поддршка на социјално загрозени семејства

### 1.1 SOS телефонска линија за помош на деца и младинци 0800 1 2222

**Траење**: во континуитет

**Генерални согледувања за работата на СОС телефонот за деца и млади во текот на 2018 година**

На СОС телефонот за деца и млади до месец ноември 2018 година, се регистрирани 107 дојави[1]/пријави за прекршувања на детските права, со кои подоцна дополнително сме комуницирале 130 пати. Дополнителната комуникација е со цел да ги информираме дојавувачите какви мерки се преземени од наша страна, кои се одговорите од надлежните институции, како и нивните известувања до нас за сите настанати промени по пријавениот случај.

Врз основа на податоците кои ги имаме добиено станува збор за вкупен број од 100 деца, каде што постојат сомневања за можно прекршување на некое нивно право. Овие податоци ги имаме добиено преку дојави на телефонот, информации на социјалните мрежи како и врз основа на секојдневните контакти со ранливите групи деца кои со нивните семејства доаѓаат во Детска амбасада Меѓаши.

**Најкарактеристични податоци за дојавите на СОС телефонот за деца и млади**

Како најкарактеристични податоци кои што можат да се издвојат за децата кои се опфатени во пријавените случаи како и за можни прекршувања на нивните права, регистрирани во Детската амбасада Меѓаши се:

- *Сиромаштија – 30 деца*; 30 деца од вкупниот број на регистрирани случаи на СОС службата, живеат во субстандардни услови и на работ на егзистенција. Сиромаштијата директно влијае врз емоционалниот, физичкиот и когнитивниот развој на децата. Воедно овие деца живеат во семејства во социјален ризик, каде што постои можност за прекршување на нивните основни права (како право на образование, здравствена заштита итн.).

[1] Контактирањето се остварува преку дирекно јавување на СОС телефонот за деца и млади, на бројот 02 2 465-316, преку емаил sos@childrensembassy.org.mk, преку социјаните мрежи и со директна посета во нашите простории

- *Семејно насилство - 13 деца* од вкупниот број на деца потенцијални жртви биле незаштитени и изложени на насилство во своето семејство во форма на физичко, психолошко насилство или негрижа врз дете.

- *Бракоразводни постапки - 9 деца* биле потенцијални жртви на прекршување на правото на детето при бракоразводни постапки.

- *Меѓуврсничко насилство- 5 деца* биле жртви на меѓуврсничко насилство

Според погоре наведените податоци, можеме да согледаме дека од дојаваните случаи на СОС службата, еден од најголемите проблеми со кој се соочуваат децата е сиромаштијата и оневозможеноста да ги остваруваат своите основини права како резултат на тешката економска и социјална положба на нивните семејства. Следен проблем со кој се соочуваат децата во случаите пријавени во Детската амбасада Меѓаши е семејното насилство, па злоупотреба на детски труд (питачење), како и прекршувањата на правата на детето при бракоразводна постапка.

Овие податоци укажуваат дека пред сè е потребно зајакнување на системот на социјална заштита како една од важните мерки за намалување на детската сиромаштита и социјалната исклученост. Воедно потребно е подобро и поквалитетлно регулирање на семејните односи и бара поголемо внимание и поддршка од страна на надлежните институции со цел да се превенираат дополнителни кршења на детските права.

Повеќе информации за работењето на линјата за помош СОС телефонот и пријавените случаи достапни се во Годишниот извештај за работата на СОС телефонот.

### 1.2. Услуги за материјална помош на социјално загрозени семејства

- Набавка на храна – храна за деца се набавува преку донации од компаниите од бизнис секторот и од други донатори и проекти.
- Собирање, селектирање и дистрибуирање на облека и чевли

Првата детска амбасада Меѓши прифаќа, селектира и дистрибуира донирана облека од граѓаните. Голем број на граѓани ја покажуват својата хуманост со донирање на носена облека, чевли и останати работи во просториите на Меѓаши. Децата и нивните родители, кои што имаат потреба од ваков вид на помош можат да дојдат секој работен ден во периодот од 08:00 до 15:00 часот и да си подигнат тоа што им е потребно.

## 2. ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Назив на проектот/програмата:** Програма за Мировно Образование

**Цел на проектот/програмата:** Проектот има за цел промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на

потребата од поинтензивно вградување на мировното образование (МО) во наставните курикулуми.

**Целна група:** проектот најпрво се спроведуваше во 3 средни училишта во Скопје: гимназија: "Никола Карев", ГУЦ "Здравко Цветковски" и ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов". Во текот на 2013 – 2016 ја проширивме оваа програма во нови средни училишта во/и надвор од Скопје, во Виница СОУ "Ванчо Прке", Скопје СУГС „Владо Тасевски„ СУГС „Арсени Јовков„ и СУГСГИМ "Зеф Љуш Марку" како и во средните училишта ЦСНО „Здравко Чочковски" – Дебар, СОУ Гимназија „Кочо Рацин„ – Велес, СОУ Гимназија „Гостивар„ – Гостивар, како и средното училиште ,,Шаип Јусуф" од Скопје.

**Времетраење на проектот/програмата:** 2011-2021 година.

**Вкупен Буџет и донатор:** Германското федерално министерство за економска соработка и развој.

**Вкупен буџет за 2017**: 90.066,00 €.

**Донаторот:** Сите трошоци поврзани со проектот ги обезбедува Првата детска амбасада во светот Меѓаши, благодарение на финансиската поддршка од Сојузното министерство за економска соработка и развој на Германија.

**Активности спроведени во 2018 година:** Во текот на годината беа спроведени седум обуки, од кои четири беа на тема Врничкото насилство, буллинг - како да се спречи и како да се справи со тоа, две обуки за претставниците на Министерството за образование на тема Изградба на мирот и програма за мировно образование, и една обука за Подготовка на акциони планови за активности во училиштата вклучени во ПЕП. Две од работилниците на тема Врсничкото насилство, буллинг- како да се спречи и како да се справиме со тоа, и две на тема Училишна медиација. Беше направена кампања против врсничкото насилство- булинг, при што повеќе од 30 билборди и сити лајт беа поставени во неколку градови во земјата.



**Постигнувања**

Нацрт-моделните пристапи кон мировното образование, развиени, имплементирани и промовирани преку комплементарни пристапи на ФЦЖ Меѓаши, напредуваа на различни институционални нивоа во формалниот образовен систем (на пример, училиштата, министерствата) преку - меѓу другото - развој на курсеви, наставни програми, образовни материјална и тековна обука на релевантни засегнати страни.

Се забележува напредок во зголемувањето на соработката со раководните структури во уште две училишта, СУ "В. Тасевски" и СУ "А. Јовков", и двете од Скопје. Овој напредок е направен поради промена на директорите во двете училишта. Во двете училишта покажаа интерес за реактивирање на училиштата во Програмата за мировно образование и понудија административна и друга поддршка за МО.

Училиштата кои се вклучени во МО беа претежно многу активни и наставниците спроведоа различни активности во рамките на МО како работилници, активности со литературни и уметнички содржини, дискусии и гледање филмови за различни теми итн. Дополнително, танц театарот како алатка за општествени промени беше направена со ученици од средните училишта од Гостивар и Скопје како нова форма на работа на социјални промени и беше многу поздравено од вклучените ученици и наставници, но исто така донесоа дополнителна видливост за училиштата и МО.

Во однос на програмата за обука, беа спроведени неколку обуки на тема Булинг во училишта. Обуките им беа понудени на наставниците за анализа на моменталната ситуација во училиштата во врска со зголемувањето на случаите на булинг, го зголемија своето знаење за булинг и форми на булинг и упатуваа кон градење модели за реакција на булингот во училиштата. На обуките, општо земено, беше кажано дека наставниците немаат знаење за булингот, училиштата имаат потреба од систематски пристап и јасна поделба на одговорностите за правилно решавање на булингот.

Во текот на периодот за кој се подготува извештајот беа спроведени две обуки за членови на Министерството за образование и наука (МОН) на тема: Градење на мир и мировно образование. По обуките членовите на МОН изразија подготвеност за воспоставување, следење и поддршка на процесот на Пилот програма за МО во училиштата во соработка со Меѓаши. Дополнително, многу членови на МОН побараа продолжување на сопственото образование и обуки за градење на мирот и споделија дека "претходно никоја организација не организирала обука само за нив".

Поради поблиска соработка со МОН и поставување на пилот-проект за МО во училишта сертифицирани од МОН, во периодот октомври-декември беа одржани интензивни средби со наставници од сите училишта. Пилот програмата бара малку повеќе

формален и структуриран пристап во спроведувањето на активностите, а исто така и спроведување на најмалку една активност месечно од страна на секој наставник. Наставниците кои беа заинтересирани да се приклучат кон пилот-програмата беа замолени официјално да го информираат МО, а наставниците кои не можеа да ги исполнат овие критериуми во учебната 2018/2019 година, ќе продолжат да соработуваат со МО, но не целосно учествуваат во пилот програмата.

По повод Меѓународниот ден на мирот - 21 септември во просториите на ПДАС Меѓаши се одржа прес за медиуми каде што беше објавено почетокот на кампањата и беа презентирани главните точки од кампањата против булингот во училиштата.

Во училиштата во Република Македонија беше упатен јавен повик за спроведување на активности за намалување на насилството кај младите. Одговорот на повикот беше многу висок, особено од основните училишта, како од училиштата во Скопје, така и од училиштата од други делови на Македонија.

Беше дадена официјална поддршка за овој повик од Министерството за образование и наука.

35 Билборди и 15 сити лајт постери беа поставени во неколку градови низ Република Македонија. Беа произведени и промотивни материјали (постери, флаери, налепници, беџови, тетратки). Дополнително, многу позитивен одговор дојде за користење на многу различни јазици во Кампањата како турски, ромски, Б / Х / С итн.

Во рамките на Кампањата анимиран филм исто така беше продуциран за булингот и различните форми на булинг. Анимацијата беше емитувана преку социјалните медиуми, но училиштата вклучени во МО исто така го користеа во училиштето.

Во декември, во пресрет на празниците, пораките од Кампањата "И зборовите повредуваат" беа испратени на повеќе од 6.000 адреси. Исто така, пораката анти булинг беше инкорпорирана во Меѓаши. Новогодишните честитки кои посакаа "од многу желби за повеќе праведен, убав, среќен свет за сите деца за оваа година, ќе нагласиме една желба - врсничко насилство да застане и да биде заменето со поддршка од врсници и разбирање . За време на кампањата, тимот на МО доби многу позитивни реакции, од различни извори. Добиени се многу електронски пораки од училишта кои не се вклучени во МО, индивидуалните родители контактираа со МО / Меѓаши, деловните партнери исто така делеа реакции од нивните кругови итн. Како единствени повратни информации, луѓето кои не се запознаени со невладини организации или директно со работата на Меѓаши, стигнаа преку пораки и новогодишните честитки позитивно ја коментираа и оваа Кампања.

Наставниците беа присутни во медиумите за различни прашања како булинг во училиштата или да коментираат некои конкретни случаи на булинг. Мировните активности во училиштата исто така беа опфатени, обично од страна на локалните медиуми. Во текот на извештајниот период најголемо внимание беше посветено на театарот Социјален танц против загадување на воздухот. Танц-театарот се играше

неколку пати, главен пред зградата на Владата. Наставниците и учениците дадоа неколку изјава на македонски и албански јазик за националните медиуми или медиумите со висок рејтинг, повеќе од 10 медиуми го опфатија овој настап.




Линкови:

https://www.youtube.com/watch?v=C9K_EcszQn8

https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/27767390209/in/dateposted-public/

https://www.facebook.com/dragi.zmijanac.5/videos/1516254428460464/UzpfSTgzODE4MDIyOTY5MjUyNDo5MDI5MTg4Mzk4ODUzMjk/

http://licevlice.mk/vesti/10-vesticategory/851-2018-06-20-10-09-32

https://www.facebook.com/dragi.zmijanac/videos/1987697707948448/

https://makfax.com.mk/makedonija/%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%BA-%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%B0%D0%BC%D0%BF%D0%B0%D1%9A%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2-%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2/?utm_source=daily.mk&utm_medium=daily.mk

https://www.facebook.com/dragi.zmijanac.5/videos/1869334126485824/

https://www.youtube.com/watch?v=h1-wBK3FhLQ&feature=youtu.be&fbclid=IwAR3wplZa1FkCHKZ-mLb4KPYJgCB6UUioWClrRAE3LKgJKrnVOTaSg18deHA
https://www.youtube.com/watch?v=79GTUtU8LCw&fbclid=IwAR1O2wrZiA76u4hzTgT4pXxoNa_mzAnp-m0R7gXVhvxtso2Ii5yCba1oyvo

https://www.faktor.mk/dragi-zmijanac-vrsnichkoto-nasilstvo-ne-prestanuva-na-ulicata-ili-vo-uchilishteto-toa--prodolzuva-i-na-socijalnite-mrezi?fbclid=IwAR1hxtuFRXuXqxFLHUoGb9XXIkRigkPlLfODUXS2sjFf8JQxNabDOkVfaPo

https://www.facebook.com/megjashi/videos/317640462150034/

https://www.facebook.com/megjashi/videos/560141027757926/

## 3. ТРАНСНАЦИОНАЛНА КОАЛИЦИЈА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ЗА ЗАШТИТА НА ЖЕНИ И ДЕЦА ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО – СТОП

Првата детска амбасада во светот Меѓаши започна со имплементација на проектот „Транснационална коалиција на граѓански организации на Југоисточна Европа за заштита на жени и деца од трговија со луѓе и родово базирано насилство – СТОП". Овој проект започна да се спроведува од 1 јануари 2016 година и ќе трае до 31 декември 2019 година, а е финансиран од Европската унија во рамките на програмата Instrument for Pre-accession Assistance (IPA) Civil Society Facility and Media Programme.

Проектот е имплементиран од партнерство помеѓу граѓански организации од неколку држави од регионот и тоа: *Ромски демократски центар (Roma Center for Democracy)* од Србија како носител на проектот во соработка со партнерите *Првата детска амбасада во светот Меѓаши* од Македонија*, Центар за мир и толеранција (Center for Peace and Tolerance)* од Косово*, Партнери за детето (Partnere per femijet)* од Албанија *и Виве Жене (Vive Zene)* од Босна и Херцеговина.

**Општата цел** на овој проект е да се зајакнат граѓанските организации и да се поттикнат да учествуваат во владините политики и процесот на одлучување преку зајакнување на капацитетот за дијалог (помеѓу организациите и Владата).

**Специфичните цели** се да се поттикне вмрежување на граѓанските организации со цел да се олесни размената на знаења и вештини преку застапување за теми поврзани со трговија со илегална миграција и последиците од тоа како што се трговија со луѓе и родово засновано насилство додека се транзитира низ Југоисточна Европа.

**Целни групи се**: граѓански организации, Национални и локални власи и носители на одлуки во Југоисточна Европа.

**Корисници се**: Жени и деца жртви од трговија со луѓе, одговорни институции на Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија и Косово; меѓународни организации кои се занимаваат со прашања поврзани со нелегална миграција.

**Дел од активностите имплементирани во 2018:**

**Втора обука за граѓански организации за родово базирано насилство и трговија со луѓе, од 21 до 23 февруари 2018 година во Берово**

Од 21 до 23 февруари 2018 година во Берово, во просториите на хотелот Манастир, се одржа обука за претставници на граѓанските организации на тема „Трговија со луѓе и превенција на родово базирано насилство со фокус на улогата на граѓанските организации во процесот на поддршка на жртвите преку споделување практично искуство од регионот".

На обуката присуствуваа 16 претставници од 16 различни граѓански организации. На обуката беа опфатени разни теми, како што се: Превенција на трговија со луѓе и улогата на граѓанските организации; процесот на трговијата со луѓе; трудова експлоатација како една од причините за трговија со луѓе; разгледување на трудова експлоатација преку правната рамка и регионалното практично искуство; поддршка и заштита на жртвите на трговија со луѓе; стандардни оперативни процедури и нивната примена; Мигрантска криза со фокус на ранливи лица (Роми, жени и деца жртви на трговија со луѓе). За време на обуката беа користени различни методи како презентации, групна работа, работа во парови и пленарни дискусии.

**Трета обука за граѓански организации за родово базирано насилство и трговија со луѓе од 25 до 27 март 2018 година во Маврово**

Третата обука за граѓанските организации на тема „Јакнење на улогата на граѓанските организации како релевантни чинители во лобирањето и застапувањето во борбата против трговијата со луѓе и родовото насилство", се одржа од 25 до 27 март 2018 година во Маврово, во просториите на хотел Макпетрол. На обуката присуствуваа 14 претставници од 14 различни граѓански организации. Целта на обуката беше запознавање на учесниците со концептот за застапување и лобирање, видови активности, различни пристапи и основни елементи од кои треба да се состои ефикасното застапување и лобирање. Првиот ден беше посветен на основните концепти на застапувањето и лобирањето, додека вториот и третиот ден на учесниците им беа претставени алатки за планирање на активности за застапување и лобирање.

На обуката беа опфатени разни теми, како што се: Застапување и лобирање, основен концепт, дефиниција и пристап; Стратегии за застапување и лобирање; Како да се биде успешен во застапувањето и лобирањето на локално ниво?; Идентификација на прашање за застапување и лобирање во областа на трговија со луѓе и родово базирано насилство; Анализа на засегнатите страни во областа на трговија со луѓе и родово базирано насилство; Градење на партнерства и стратешки сојузи; Планирање на активности за застапување и лобирање; Алатка GOSARRRI; Проценка на потенцијалните ресурси потребни за застапување и лобирање. Обуката беше затворена со евалуација на обуката.

**Мид-терм евалуација на проектот**

Во период од 10-11 Декември 2018 година во хотел Бест Вестерн во Скопје, се одржа среднорочна евалуација на проектот. На оваа евалуација имаше претставници од сите партнерски организации кои претставија какви активности имаат спроведено, кои цели ги имаат постигнато, со какви предизвици и пробелми се имаат соочено и како истите ги имаат надминато. Оваа евалуација беше спроведена од надворешен евалуатор.

**Присуство на медиумите**

Членовите на проектниот тим на Детската амбасада Меѓаши имаа медиумски настапи каде што зборуваа за прашањата поврзани со проектот (трговија со луѓе, родово насилство, мигранти, непридружувани мигранти итн.). Медиумските настапи се поставени на YouTube канал на Детската амбасада Меѓаши и тие се достапни на следниве линкови:

- Алмакос на 24.01.2018_ https://www.youtube.com/watch?v=MthTtz8gKg8
- ТВ Алфа на 24.02.2018; https://www.youtube.com/watch?v=aZWomDJ-GGA
- ТВ 24, на 30.03.2018_ https://www.youtube.com/watch?v=qY30-kg7yfY
- 1ТВ на 25.05. 2018_ https://www.youtube.com/watch?v=M_PrPDF9UJE
- ТВ 24 на 01.06.2018_ https://www.youtube.com/watch?v=yc6wHuH0xgg

## 4. ПРОГРАМА "ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДЕЦАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВОТО"

Од 01.10.2016 година, Првата детска амбасада во светот Меѓаши започна со реализација на проектот „Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство" кој што се спроведува од страна на партнерство помеѓу граѓански организации од неколку држави од регионот и тоа: Social Activities and Practices Institute - SAPI од Бугарија како носител на проектот во соработка со партнерите Првата детска амбасада во светот Меѓаши од Република Македонија; Association for Child and Family Empowerment "Ave Copiii" од Молдавија; Social Services Agency од Летонија; Federatia Organizatiilor Neguvernamentale pentru Copil од Романија; Network of Organizations for Children of Serbia – MODS од Србија; The Association for a better world од Словенија и Tirana Legal aid society (TLAS) од Албанија.

Проектот се имплементира во периодот од октомври 2016 година до октомври 2021 година, а е финансиран од страна на Оак Фондацијата (Oak Foundation) за целото времетраење на проектот.

Самиот проект има неколку цели кои се очекува во текот на неговото пет годишно спроведување да ги постигнеме:

1. Изградување на транснационални и локални мрежи за воведување на системски пристап за спречување на злоставување и заштита на децата од сите форми на

насилство, вклучувајќи и сексуална злоупотреба. Мрежите подразбираат вклучување не само на професионални системи на заштита, туку и универзални услуги како образование и здравство, а се очекува и вклученост на децата и родителите. Креирањето на функционални мрежи се очекува да донесе до одржливи промени на ставовите и долгорочна посветеност на сите учесници.

2. Градење на капацитетот на возрасните - професионалците и родителите од примарната средина на детето, во насока на разбирање и почитување на нивните потреби, почитување на нивните гледишта и заштита нивните права врз база на резилиентната теорија.

3. Подобрување на капацитетот на професионалците и родителите за обезбедување на сигурна и безбедна семејна и училишна средина, при што фокусот ќе биде ставен на нивните способности и потенцијали.

4. Помош и поддршка на адолесцентите да ги идентификуваат своите компетенции при превенција на насилство.

**Во рамките на оваа програма во 2018 година се спроведени следниве активности:**

**Совет за поддршка на проектот** - Работниот состанок на Советот за поддршка на проектот се одржа на 13 јуни 2018 година во просториите на Детската амбасада Меѓаши. На оваа средба присуствуваа осум учесници од различни институции: од Министерството за труд и социјална политика, од Завод за социјални дејности, општината Гази Баба, ОУ „Стив Наумов" - општина Гази Баба, ОУ „Браќа Рамиз и Хамид"- општина Шуто Оризари, Јавна установа за згрижување на деца без родители и родителска грижа на возраст над три години „11 Октомври"- Скопје и соработникот за осноси со јавноста на Детската амбасада Меѓаши. Координаторот на проектот ги потсети членовите за целите на проектот, активностите и очекуваните резултати. Во исто време, беше направена ретроспектива на спроведените активности, како и предизвиците и тешкотиите со кои се имаме соочено во текот на спроведување на проектот. Во текот на средбата се разгледа и улогата на овој Совет како и можноста за проширување на листата на членови.

**Локални тренинзи** – Беа одржани локални тренинзи во ОУ „Стив Наумов" и во ОУ „Браќа Рамиз и Хамис". Првиот локален тренинг под наслов „Користењето на резилиентниот пристап во работа со деца" се одржа на 26 јуни 2018 година во просториите на ОУ „Браќа Рамиз и Хамид". Другиот локален тренинг се одржа на 29 октомври 2018 година во просториите на ОУ „Стив Наумов".

**Развивање на локална мрежа на професионалци** – Во текот на 2018 година, се одржаа две работилници на локалната мрежа на професионалци. Првата работилница на тема „Развивање на локална мрежа на професионалци - поддршка на иницијативи" се одржа на 29.06.2018 година во хотел Карпош, Скопје. На оваа работилница беа презентирани целите на мрежата и нејзината улога. Исто така, беа креирани и презентирани

иницијативи за спречување на насилство. Во врска со иницијативите, учесниците разменија мислења и искуства за подобра имплементација на истите. Учесниците исто така креираа нацрт планови за спроведување на иницијативите.

Втората работилница на локалната мрежа на професионалци насловена како „Користење на резилиентниот пристап во работата со адолесцентите" се одржа на 9 октомври 2018 година во хотел „Порта". На работилницата учествуваа деветнаесет учесници од различни релевантни чинители клучени во спроведувањето на активностите од програмата. На оваа работилница учесниците беа запознаени со примена на резилиентниот пристап во работа со адолесцентите. Во текот на оваа работилница, ангажираниот експерт ги презентираше основните концепти на траума, последиците од траумата и факторите кои влијаат на траумата. Фокусот беше ставен на насилството во училиштето како извор на траума и примена на резилиентниот пристап во училиштата. Во текот на работилницата беа разгледани и ефектите од користењето на овој вид на пристап за третман на траумите.

**Кампања „Училиштето како безбедно место"**

ТВ-спот „Училиштето како безбедно место" подготвен од страна на партнерската организација САПИ беше преведен, адаптиран и натсинхронизиран од страна на Детска амбасада Меѓаши. ТВ Спотот беше поставен на социјалните мрежи каде што е достапен за пошироката јавност. https://www.youtube.com/watch?v=nLEsefvvy5U

**Работилници за деца за правата на децата** - Овие работилници беа организирани во месец октомври 2018 година во текот на „Детската недела“. На работилниците присуствуваа учениците од основните училишта во Скопје (трето одделение, 10 години). Работилниците се фокусираа на насилството во училиштето, како можеме да го направиме училиштето да биде безбедно место за децата. Имаше ученици од пет основни училишта од Скопје. Се одржаа три работилници по училиште или вкупно 15 работилници. Околу 400 деца присуствуваа на работилниците.

**Методолошка поддршка** - На 28 јуни 2018 година, во просториите на општината Гази Баба, се одржа првата работилница на тема „Методолошка поддршка и помош на професионалци кои го користат резилиентниот пристап во работата со деца". На работилницата присуствуваа единаесет учесници, главно од основното училиште „Стив Наумов" (8 - наставници и стручен кадар), ОУ "Браќа Рамиз и Хамид" (2 - стручен кадар) и од Јавна установа за згрижување на деца без родители и родителска грижа на возраст над три години „11 Октомври"- Скопје (1- социјален работник). Главните прашања кои беа разгледани во текот на оваа работилница се: важноста на добар третман при работа со деца и принципите на добар третман при работа со деца кои преживеале некаква траума. Овие прашања беа разгледани преку конкретни случаи.

На 30 август 2018 година во просториите на хотелот Карпош се одржа втората работилница на тема „Методолошка поддршка и помош на професионалци кои го користат пристапот на еластичност во работата со деца". На работилницата присуствуваа петнаесет учесници, а беа опфатени следниве теми: адолесценцијата како развојен период; - системи за адолесцентна поддршка; - техники кои овозможуваат подобро разбирање на адолесцентите. Овие теми беа разгледани преку разгледување на конкретни случаи и соодветно постапување по истите.

**Супервизија -** На 28 јуни 2018 година во просториите на општина Гази Баба се одржа првата работилница на тема „Супервизија како форма на поддршка на професионалци кои го користат резилиентниот пристап во работа со деца". На почетокот на работилницата, менторот ги запозна учесниците за значењето на терминот супервизија и нејзината важност како помош и поддршка на професионалци кои работат со деца користејќи го резилиентниот пристап. Беше разгледан конкретен случај и беа разгледани неколку прашања во врска со случајот. Фокусот беше ставен на тоа: како професионалците се чувствуваат кога тие работат со деца во траума; како и преземените чекорите за да помогнат и да го поддржат детето користејќо ја резилиентната теорија.

На 30 август 2018 година во просториите на хотелот Карпош се одржа втора работилница на тема „Супервизијата како форма на поддршка на професионалци кои го користат резилиентниот пристап во работата со деца". Главниот заклучок на работилниците беше дека нема систематска и структурна поддршка за професионалците кои работат со деца кои страдале од траума.

**Јакнење на релацијата наставник-родител -** Организиравме две обуки за поддршка и јакнење на релацијата наставник-родител. За време на обуките се користеше „Програмата за обука на родители и адолесценти". Бидејќи обуките се одржаа во две различни училишта со различна позадина, различен состав на ученици и родители, обучувачот ја адаптираше агендата во однос на потребите на училиштата, родителите и наставниците. Првата обука на тема „Резилиентен пристап во работата со деца" се одржа на 06 септември 2018 година во просториите на ОУ „Стив Наумов" - Општина Гази Баба. На 17 октомври 2018 година во просториите на ОУ „Браќа Рамиз и Хамид" - општина Шуто Оризари, Скопје, се одржа втора обука на иста тема. Учесниците на двете обуки изразија задоволството од обуките и истакнаа дека се многу корисни за нив и дека сакаат во иднина да посетуваат почесто ваков вид обуки.

## 5. ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ е спроведуван од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство

со Првата детската амбасада во светот МЕЃАШИ и Младинскиот Образовен Форум. Проектот кој е во трета фаза на спроведување има за цел да го подобри учеството на децата и младите во процесите на донесување на одлуки во училишниот и општествениот живот во Република Македонија. Проектот се базира на Препораките на Комитетот за правата на детето при Обединетите Нации (донесени во 2010 година) како и на претходните искуства и согледувања од терен.

Во рамките на овој проект, Детската амбасада Меѓаши како партнер има спроведено неколку активности кои се однесуваат на следење на работата на Собранието на РМ во во поглед на застапени теми поврзани со детски права во работата на Собранието и неколку ресорски Комисии.

## 6. ЦИВИКА МОБИЛИТАС 2018 – ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ

Првата детска амбасада во светот Меѓаши во првото тромесечие од 2018 година ги заврши и последните активности од грантот ЦИВИКА Мобилитас. Активностите беа спроведувани 3 години и главниот фокус беше во внатрешните процеси, процедури, структура, статут и други важни елементи од функционирањето на организацијата. Во последните три месеци од грантот се одржа Собранието и се усвои новата структура на организаицјата и се најави и официјално неотповикливата оставка на директорот како и активностите кои ќе треба да следат со цел заокружување на процесот.

## 7. КРЕИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА РАЗВОЈНА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА И ОПТИМИЗАЦИЈА НА ИНТЕРНИТЕ ПРОЦЕСИ И ПРОЦЕДУРИ ЗА УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ

Горе наведениот проект започна со реализација во Јули 2018 година и беше продолжување на сите внатрешни процеси кои беа најавени со крајот на грантот на ЦИВИКА Мобилитас. Во првите шест месеци од спроведување на проектот реализирани беа многу работилници на кои се усвои развојна структура кој го следи организацискиот развој, систематизација на плати и работни позиции и систем за мониторинг и евалуација. Вработените имаа можност ги креираат општите и посебните критериуми по кои понатаму ќе се оценува учинокот, презентиран беше Процесот за менаџирање со перформансите и креирање План за личен менаџмент на перформансот.

## 8. ПРОМОВИРАЊЕ НА ИНТЕГРИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕКУ МИРОВНИ АКТИВНОСТИ

ПДАС Меѓаши во рамките на субгрантирање на проектот "Поддршка за процесот на интегрирано образование во училиштата" имплементиран од Мировната акција Прилеп

и Центарот за мировни студии Загреб, а финансиран од Делегацијата на Европската унија во Македонија, во периодот 1 декември – 31 март 2018г. го спроведе проектот "Промовирање на интегрирано образование преку мировни активности".

Главната цел на овој проект беше да ги поддржи процесите на градење култура на мир и ненасилство во училиштата, да промовира дијалогот и култура на мир со што се придонесе за подигнување на свеста на новите генерации од различни етничките заедници за важноста на меѓуетничката интеграција и мултикултурализмот.

Со спроведените активности се зголеми јавната поддршка за интегрирано образование како и капацитетите на училишниот кадар за спроведување на активности поврзани со меѓуетничка интеграција во образованието; се промовираа мултикултурни активности кои ги вклучија учениците од различна етничка припадност во заеднички проекти за зголемување на меѓусебното разбирање, толеранцијата и културата на мирот;

Во проектот беа вклучени 24 ученици од 3 средни училишта, СОУ Гимназија „Гостивар", СЕОУ„Гостивар" од Гостивар и СУГС Гимназија „Зеф ЉушМарку" од Скопје. Учениците беа од различна етничка припадност, пол, место на живеење (Скопје, Гостивар, гостиварски села), а беше овозможено и рамноправно вклучување на ученик со оштетен слух.

## 9. ПРОЕКТ „ПРОМОЦИЈА И ПОЧИТУВАЊЕ НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА"

Активностите во овој проект кој беше поддржан од страна на општина Гази Баба се спроведоа во соработка со општината Гази Баба и основните училишта кои се наоѓаат на територијата на оваа општина. Како директни и индиректни корисници на активностите од проектот се менаџментот на основните училиштата, учениците во овие училишта, стручните служби, родителите/семејствата чии деца се запишани во училиштата како и претставници од општината Гази Баба. Носител и спроведувач на проектот е Прва детска амбасада во светот Меѓаши.

Една од основните цели на овој проект беше преку еднодневна обука на директорите/ките од основните училишта на територијата на општина Гази Баба да ги запознаеме подетално за правата на децата, почитувањето на истите како и пријавување на можни прекршувања на правата. Потоа од учесниците на оваа обука се очекува стекнатото знаење да го пренесат на останатите колеги и да го применат во нивната директна работа со учениците и родителите во соодветните училишта.

**Соработка со локалната самоуправа - Состанок во вработените во општината -** Беше одржан состанок со надлежните вработени во општината во врска со одржувањето на работилницата, утврдување на учеснци на истата како и агенда за работилницата односно што е приоритетно за да се обработи како тема, согласно потребите на учесниците.

**Континуирана комуникација -** Во текот на спроведување на активностите, беше остварена и редовна и континуирана комуникација со надлежните вработени во општината.

**Работилница со директорите/ките од основните училишта на територијата на општина Гази Баба** На 03-ти јули 2018 во просториите на општина Гази Баба, Скопје се одржа работилница на тема „Улогата на училиштата во заштитата на детските права“. На оваа работилница присуствуваа директорите/ките од основните училишта кои се наоѓаат на територијата на општина Гази Баба. Работилницата воедно беше проследена и од страна на претставници од Општина Гази Баба. Главната цел на оваа работилница беше да се запознаат подетално со правата на децата, Конвенцијата за правата на детето, начините на нивна заштита како и механизмите за пријавување на можни прекршувања на детските права. Воедно беше нагласена и важната улога на менаџментот во училиштата, стручните служби и секако наставниот кадар. За време на работилницата се разви и дискустија околку конкретни случаи и како може да се помогне истите да се разрешат во најдобар интерес на децата.

## 10. ПРОЕКТ „ ДА ГИ ЗЕМЕМЕ ПРАВАТА ВО НАШИТЕ РАЦЕ!“

Детската амбасада Меѓаши од август 2017 година до декември 2021 година го спроведува проектот „Да ги земеме правата во нашите раце!“ кој е финансиски поддржан од Save the children – канцеларија во Косово.

**Активности кои беа спроведени во 2018 година :**

**Превенција од насилство**

Во текот на 2018 година со цел да се зголеми свесноста за меѓуврничкото насилство во три училишта: ОУ „Стив Наумов“- Скопје, ОУ „Славчо Стоименски“- Виница и ОУ „Саид Најдени“-Дебар беа одржани форум театарски престави на тема: „Меѓуврсничко насилство“. Директно во подготовката и учество на форум театарски претстави беа вклучни 90 деца или 30 деца од секое училиште, но на самите претстави како публика учесвуваа вкупно во трите училишта повеќе од 500 наставници, ученици, претавници на локалната самоуправа, родители и ученици од други училишта итн. Во текот на оваа активност, децата имаа можност директно да учествуваат со пишувањето на сценарија за претставата и на тој начин се поттикна детското учество како важен принцип во согласност со Конвенцијата за правата на детето.

**Работилници за позитивно родителство и позитивни мерки за диципллина**

Беа одржани вкупно три дводневни работилнци наменети за родителите чии деца се ученици во ОУ „Стив Наумов“- Скопје, ОУ „ Славчо Стоимнески- Виница и ОУ„ Саид Најдени- Дебар и на истите присуствуваа вкупно 60 родителите. Работилниците беа спроведени од страна на надворешни експерти и истите имаа за цел да ги мотивираат родителите во насока на подобрување на нивните родителски капацитети, да ги поддржат во процесот на учење и подобрување на комуникацијата со децата.

**Прирачник за позитивно родителство и позитивни мерки за дисциплина**

Во текот на 2018 година беше подготвен „Прирачник за позитивно родителство/старателство и позитивни мерки за дисциплина“ и брошура под истиот назив. Овој прирачник и брошура се преведени на три јазици (албански, ромски и англиски јазик) и на ваков начин се обезбеди поголема достапност до сите родители/старатели кои имаат потреба од литература која е занована на особеностите на родителствувањето како посебен животен период и потребите на децата. Напишан е на разбирлив јазик и е адаптирана за потребите на сите родители.

**Тренининг за постапување во итни/вондрени ситуации ( ЕПП тренинг)**

Заштитата на децата како и на професионалците кои работат со децата, вклучува повеќе апекти меѓу кои соодветно постапување во вондредни/итни ситуации. За да се постигне подготвеност за соодвено планирање и постапува во итни ситуации во текот на месец јули 2018 година беше одржан тридневен тренинг наменет за претставници од училиштата кои се вклучени во рамките на овој проект, локалната самоуправа (Општина Виница и општина Дебар) и претставници од граѓанските организации (Младински образовен форума, Коалиција СЕГА и Детска амбасада Меѓаши). На овој тренинг спроведен од страна на експерти од оваа област, учесниците има можност да добијат практично знаење за подготовка на ЕПП план, да се обучат како да постапуваат при итни ситуации кога децата директно се изложени на ризик и како да се заштитат и да делуваат превентивно.

**Работилница и менторство при подготовка на ЕПП план**

По завршувањето на тренингот за подготвка на ЕПП план беше спроведена работилница за прецизирање на подготвениот ЕПП план. На оваа работилница беа вклучени ОУ „Стив Наумов“- Скопје, општина Виница и Детска амбасада Меѓаши. На истата се дискутираше за одредени особености кои се важни да се вклучат во секој ЕПП план и потоа беше договерено менторство со секој од вклучените организации/институции со цел да се заврши и заокружи планот. Како резултат на оваа активност поготвени се три ЕПП планови.

**Работилници за меѓуврсничка едукација и детско учество**

Овие работилници всушност претставуваат продожување на обуките на децата за детски права. Во текот на 2018 година беа одржани вкупно 3 дводневни работилници наменети за учениците во трите вклучени училишта кои веќе биле дел од основните обуките одржани во 2017 година за детски права. На оваа обука учествуваа вкупно 60 ученици од три училишта.

**Мониторинг и поддршка на професионалци кои работат во СОС телефонска линија**

Мониторингот е особено важен елемент во поддршката на сите оние кои се директно или индиректно вклучени во работата на СОС телефонот. Неговата цел е да го адаптира, провери и редизајнира механизмот за следење на случаите на пријавување на СОС телефонот за деца и млади. 5 мониторинг состаноци беа одржани во текот 2018 година. На мониторинг состаноците беа присутни волонтерите кои работат на СОС телефонот за деца и млади, координаторот и раководителот на програми. Овие состаноци беа навистина значајни за развојот на СОС телефонот за деца и млади и неговото подобро управување.

**Супервизија и поддршка на професионаците и волонтерите кои работат на СОС телефонот за деца и млади и во службите за дирекна помош и поддршка на децата**

Супервизијата претставува помош и поддршка од страна на експерт и е намената за професионалци кои се директно вклучени во работата со децата и младите и истата директно придонесува за подобро управување со пријавените случаи на СОС телефонот за деца и млади. Во текот на 2018 година се одржани вкупно 5 супервизиски состаноци.

Супервизиските состаноци се важни за развојот на професионалците кои работат на СОС телефонската линија за деца и млади и службите за директна помош и поддршка на децата (како што е дневниот центар наменет за деца кои не се вклучени во редовниот образовен процес). На супервизиските состаноци учествуваа: волонтерите, координаторот , раководителот на програми. Во исто време, тие добиваа советување, психолошка помош и поддршка, со цел да се заштитат од емоционално согорување, што често се случува кога се работи со семејства и деца во социјален ризик.

**Принципи кои се важни за спроведување на активнотите**

Значајно е да се наведеде дека во текот на 2018 година како и во рамките на целокупната програма особено ни се важни следниве принципи:

- Не дискриминација и инклузија на деца кои имаа различни образовни и социјални потреби
- Родова еднаквост
- Здрава животна средина

При организирањето на различни активности бараме да бидат вклучени деца кои доаѓаат од различна етничка, образовна и социјална средина. Особено е важно да бидат вклучени деца кои потекнуваат од семејства во социјален ризик, а се вклучени во редовен образовен процес. Поддршката на овие деца е важна во процесот на инклузија и ресоцијализација. Воедно во сите активности се поттикнуваше процесот на еднаква родова застапеност. Земјаќи го во предвид загадувањето и генерално климатските промени сакаме да ги потикнеме децата и сите учесниците на работилниците во рамките на оваа програма да размислуваат генерално и да го променат своето гледиште преку лични примери во насока на заштита на животната средина.

## 11. ПРОЕКТ „УЛИЧЕН ТАНЦ ТЕАТАР ЗА ОПШТЕСТВЕНА ПРОМЕНА“

Активностите во проектот „Уличен танц театар за општествена промена“ ги спроведе Првата детска амбасада во светот Меѓаши. Овој проект е финансиски поддржан од страна на Министерството за култура на Република Македонија во рамките на минифестацијата „Млади Европејци“ во 2018, а финансиран од други донатори и проекти на кои работи Детската амбасада Меѓаши.

Танц театар за општествена промена беше изведен на 23 декември 2018 година (недела) во просториите на City Mall. Театарот беше изведен два пати во текот на денот, еднаш во 13.00 часот и еднаш во 16.00. Во текот на изведбата на перформансот беа направени фотографии и снимени видео клипови и истите беа поставени на социјалните мрежи на Детската амбасада Меѓаши и на facebook групата насловена „Танц театар“ каде што се членови децата кои учествуваат во спроведување на танц театарот, нивните наставници, обучувачот и претставници од Детска амбасада Меѓаши. При изведбата на перформансот, истиот беше проследен од голем број на деца и возрасни посетители.

## 12. АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ СРЕДСТВА

**Новогодишни честитки**

Продажбата на новогодишни честитки за 2018 година ги следеше практиките од претходните години при што немаше промени во начинот на спроведување на активноста како ни во понудата. Компаниите, институциите, организациите како и граѓаните можеа да одберат од 5те нови новогодишни мотиви или дополнителните 5 лански мотиви по иста цена како и претходната година. Состојбата остана непроменета и во однос на остварени приходи, продадени количини како и број на поддржувачи во однос на претходната година.

**Каси за донации**

На почетокот на 2018та година по барање на Рамстор беа повлечени сите каси за донации од нивните маркетите поради промена во раководството. Соработката привремено е ставена во мирување и истата треба да се обнови во 2019 година. На крајот на годината се оствари соработка со Министерството за земјоделство шумарство и водоспанство при што каса од ПДАС Меѓаши беше поставена за време на новогодишната прослава во министерството.
Во текот на 2018 година се бележи значајно зголемување на донациите од касите како и значајно зголемување во бројот на променети каси за донации. Во однос на претходната година придонесите во донации се зголемени за повеќе од 40% но и променети биле значително поголем број на каси.

## 13. АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ПДАС МЕЃАШИ за 2018 година

### 1. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

ПДАС Меѓаши Скопје во текот на 2018 година во своето работење оствари вкупни приходи во износ од 14.549.475,00 ден (236.769 еур) и спроведе 16 проекти, што во споредба со вкупните приходи за 2017 година кои изнесуваат 13.651.933,00 (222.163 еур)и спроведени 13 проекти, забележи пораст за 6,57%.

ПДАС Меѓаши Скопје во текот на 2018 година во своето работење оствари вкупни расходи во износ од 14.201.657,00 ден (231.109 еур) и спроведе 16 проекти, што во споредба со вкупните прасходи за 2017 година кои изнесуваат 11.898.293,00 (193.626.163 еур)и спроведени 13 проекти, забележи пораст за 19,36%.

Вишокот на приходи по оданочување не се добивка, туку неискористени парични средства кои се пренесуваат во наредната година и истите се користат за покривање на трошоци во наредната година согласно проектните буџети, планот и програмата за работа на организацијата.

**Биланс на приходи и расходи**

| | 2018 | % учество во вкупни приходи-2018 | 2017 | % учество во вкупни приходи-2017 | % на зголем (+)/намалув.(-) Во 2018 год. во однос на 2017 година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Вкупни приходи | 12.810.526 | 88,05% | 12.610.118 | 92,37% | 1,59% |
| 2. Пренесен вишок на приходи од претходна година | 1.738.949 | 11,95% | 1.041.815 | 8,76% | 66,92% |
| *3. Вкупен приход (1+2)* | *14.549.475* | | *13.651.933* | | *6,57%* |
| *4.Вкупни расходи* | *14.201.657* | | *11.898.293* | | *19,36%* |
| 5. Вишок на приходи пред оданочување (3-4) | 347.818 | | 1.753.640 | | -80,17% |
| 6. Данок на непризнати расходи | 23 | | 14.691 | | -99,84% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***7. Вишок на приходи по оданочување (5-6)*** | ***347.795*** | | ***1.738.949*** | | ***-80%*** |

## 2. ПРИХОДИ

Од Табелата подолу дадена-Структура на приходи може да се забележи дека во 2018 година има пораст за 8,69% кај приходи од проекти, додека е забележан пад од -9,27% кај приходите од донации и од продажба на честитки, односно кај приходи од донации-правни лица раст за 2,69%, кај приходи од донации-физички лица пад за -18,01%, кај приходи од донации-касички раст за 47,14% и кај приходи од продажба на новогодишни честитки пад за -22,40%.

Треба да се напомене дека приходите од продажба на честитки се евидентирани по сметководствено правило за евидентирање на овие приходи, а тоа се наплатени приходи. Состојбата на продажба на новогодишни честитки според фактурираната реализација е следнава: Во 2017 година изнесува 502.430,00 денари, додека во 2018 година изнесува 496.572,00 денари. Истата бележи незначителен пад во однос на 2017 година и изнесува -1,17%.

Во структурата на приходи за 2018 година 90,87% се приходи од проекти, а 9,13% се сопствени приходи (донации од правни, физички лица, касички и продажба на новогодишни честитки).

Остварените приходи од донации и од продажба на новогодишни честитки, организацијата ги користи за покривање на расходи направени согласно статутот, програмата и планот за работа на организацијата како што се работа на СОС телефонот за деца и младинци, за дневниот центар за деца кои не одат на училиште, трошоци за реализирање на продажба на честитки, рганизациски трошоци како и за кофинансирање и авансирање на проектни активности.

**Структурата на приходи**

| Вид на приход | 2018 | % учество во вкупни приходи-2018 | 2017 | % учество во вкупни приходи-2017 | % на зголем (+)/намалув.(-) Во 2018 год. во однос на 2017 година |
|---|---|---|---|---|---|
| *1. Приходи од камати и курсни разлики* | *912* | *0.01%* | *373* | *0,00%* | *144,50%* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. Приходи од донации по проекти | 11.481.773 | 78,92% | 11.121.456 | 81,46% | 3,24% |
| 3. Пренесен вишок на приходи од претходна година | 1.738.949 | 11,95% | 1.041.815 | 7,63% | 40,09% |
| *4. Вкупни приходи по проекти (2+3)* | *13.220.722* | *90,87%* | *12.163.271* | *89,10%* | *8,69%* |
| 5. Приходи од донации-правни лица | 82.780 | 0,57% | 80.611 | 0,59% | 2,69% |
| 6. Приходи од донации-физички лица | 351.170 | 2,41% | 428.320 | 3,14% | -18,01% |
| 7. Приходи од донации-касички | 384.791 | 2,64% | 261.518 | 1,92% | 47.14% |
| 8. Сопствени приходи-новогодишни честитки | 509.099 | 3,50% | 656.025 | 4,81% | -22,40% |
| 9. Сопствени приходи-услуги | | | 37.006 | 0,27% | 100% |
| *10. Вкупно приходи од донации и сопоствени приходи (5+6+7+8+9)* | *1.327.840* | *9,13%* | *1.463.480* | *10,72%* | *-9,27%* |
| *11.Други приходи* | *1* | | *24.809* | *0,18%* | *-100%* |
| **12. ВКУПНО ПРИХОДИ (1+4+10+11)** | **14.549.475** | **100%** | **13.651.933** | **100%** | **6,57%** |

## 3. РАСХОДИ

ПДАС Меѓаши Скопје во текот на 2018 година во своето работење оствари вкупни расходи во износ од 14.201.657,00 ден (231.109 еур) и спроведе 16 проекти, што во споредба со вкупните расходи за 2017 година кои изнесуваат 11.898.293,00 (193.626 еур)и спроведени 13 проекти, забележи пораст за 19,36%.

Во вкупните расходи со најголем процент учествуваат бруто платите за вработените и тоа во 2018 година со 43,09% за просечен број на вработени 8,49 , додека во 2017 година со 52,83% за просечен број на вработени 9. Исто така со голем процент учествуваат и хонорарите и тоа во 2018 година со 18,82% и во 2017 година со 11,11% како и хотелските и гостителски услуги по проекти и тоа во 2018 година со 17,68% а во 2017 година со 15,64%.

При анализа на расходите би напомениале дека порастот или падот кај најголем број расходи се должи на направените трошоците согласно на проектните буџети.

Во текот на 2018 годинe се набавени четири основни средства и тоа: Машина за перење која служи за давање на помош на социјално ранливите категории и три лап топа неопходни за функционирање на организацијата.

Во 2018 година се спроведени успешни ревизии на следниве проекти: Транснационална коалиција.. СТОП, Промовирање на интегрирано образование преку мировни активности , Да ги земеме правата во наши раце-СЦИ 92019) како и ревизија на финансиските извештаи на организацијата за 2017 година.

Во почетокот на март ќе се спроведе и ревизија на финансиските извештаи на организацијата за 2018 година.

**Структурата на Расходи**

| Вид на Расход | 2018 | % учество во вкупни расходи-2018 | 2017 | % учество во вкупни расходи-2017 | % на зголем (+)/намалув.(-) Во 2018 год. во однос на 2017 година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Бруто плати | 6.119.920 | 43,09% | 6.293.086 | 52,83% | -2,75% |
| 2. Авторски хонорари и договори за дело | 2.672.402 | 18,82% | 1.323.592 | 11,11% | 101,91% |
| *3. Вкупно расходи за човечки ресурси (1+2)* | *8.792.322* | *61,91%* | *7.616.678* | *63,94%* | *15,44%* |
| 4. Расходи за материјали | 280.918 | 1,98% | 209.653 | 1,76% | 33,99% |
| 5. Потрошена енергија | 77.367 | 0,54% | 71.195 | 0,60% | 8,67% |
| 6. Расходи за одржување на средства | 103.543 | 0,73% | 47.075 | 0,40% | 119,95% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. Други материјални расходи | 45.349 | 0,32% | 42.179 | 0,35% | 7,75% |
| 8. Комунални услуги | 19.452 | 0,14% | 21.162 | 1,18% | -8,08% |
| 9. Птт, телефон, интернет | 210.223 | 1,48% | 223.278 | 1,88% | -5,85% |
| 10.Транспортни услуги | 380.129 | 2,68% | 463.465 | 2,90% | -17,98% |
| 11. Печатарски услуги | 630.737 | 4,44% | 228.421 | 1,92% | 176,13% |
| 12.Непроизводни услуги | 571.413 | 4,02% | 627.859 | 5,28% | -17,59% |
| 13.Расходи за реклама по проекти | 101.726 | 0,73% | 6.000 | 0,05% | 1.595,43% |
| 14. Хотелски и угостителски услуги по проекти | 2.511.499 | 17,68% | 1.860.938 | 15,64% | 34,96% |
| 15. Набавна вреднст на продадени трговски стоки | 16.838 | 0,12% | 18.043 | 0,15% | -6,68% |
| 16.Набавка на основни средства | 150.324 | 1,06% | 39.500 | 0,33% | 280,57% |
| 17. Останати расходи | 309.817 | 2,18% | 422.847 | 3,55% | -26,73% |
| **18. ВКУПНО РАСХОДИ (3+(4-17))** | **14.201.657** | **100%** | **11.898.293** | **100%** | **19,36%** |